20203034159

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 56 став 1 точка 3 и член 69 од Законот за здравственото осигурување (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016, 171/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија на седницата одржана на 1 декември 2020 година донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ ВО БОЛНИЧКА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Во Правилникот за начинот на плаќањето на здравствените услуги во болничка здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/2008, 118/2008, 164/2008, 16/2010, 44/2010, 63/2010, 171/2010, 95/2011-пречистен текст, 181/2011, 104/2012, 164/2012 и 70/2019), по членот 4 се додава нов член 4-а, кој гласи:

„Член 4-а

Во рамките на вкупно утврдениот договорен надоместок на јавната здравствена установа од член 4 на овој правилник, може да се утврди условен надоместок. Условниот надоместок претставува дел од вкупниот годишен договорен надоместок на здравствена установа што може да го добие од Фондот, а се однесува на:

- Остварен специфичен вид и обем со точно дефинирани здравствени услуги кои здравствената установа треба да ги изврши во текот на годината и
- Покривање на одделни трошоците од тековното работење потребни за пружање на здравствени услуги.

Здравствените услуги се прикажуваат на посебен образец – План за специфичен вид и обем, а одделните трошоците за тековното работење на образец - План за одделни трошоци од тековното работење потребни за пружање на здравствени услуги, кои здравствената установа ги доставува до Фондот за секоја година пооделно.

Во утврдениот годишен договорен надоместок на здравствената установа е вклучен и планираниот условен надоместок прикажан во плановите предвидени за таа намена од став 2 на овој член.

Одобрениот условен надоместок од став 1 точка 1 на овој член, ги стимулира здравствените установи да ги обезбедат оние здравствени услуги кои се дефицитарни или несоодветно планирани поради скапата терапија и методите на лекување. Доколку здравствената установа не ги изврши планираните специфични здравствени услуги, прикажани во доставениот План за специфичен вид и обем, Фондот може по истекот на секое тромесечие да ги намали неискористените средства за таа намена.

Одобрениот условен надоместок од став 1 точка 2 на овој член, треба да обезбеди здравствената установа редовно да ги плаќа сите доспеани месечни обврски за одделните трошоци потребни за пружање на здравствените услуги. Доколку здравствената установа не ги изврши планираните обврски, прикажани во доставениот План за одделни трошоци од тековното работење потребни за пружање на здравствени услуги, Фондот може по истекот на секое тромесечие да ги намали неискористените средства за таа намена.

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-15257/4
2 декември 2020 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
Дејан Николовски, с.р.